# ЗДРУЖЕНИЕ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што завршува на 31 Декември 2017 година и Извештај на независниот ревизор

Скопје, Март 2018 година

**СОДРЖИНА**

| | |
|---|---|
| | **Страна** |
| Извештај на независниот ревизор до ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ | 3 – 4 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојбата | 6 |
| Белешки кон Финансиските извештаи | 7– 21 |

**Додатоци**

**Додаток 1**– Годишна сметка
(Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба)

МСФИ ревизија

МСФИ РЕВИЗИЈА ТП – СКОПЈЕ
11 Октомври 1А Кат 2, Плоштад Македонија ББ Скопје
Даночен број: 5080012502283
Телефон: 02 3 11 23 23 и Мобилен: 070 333 713
www.msfirevizija.com.mk; e-mail: revizija@msfi.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 5 – 23) на Здружението Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје (во понатамошниот текст „Здружението“), кои се состојат од билансот на состојбата на ден 31 декември 2017 година и билансот на приходите и расходите и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството на здружението е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

МСФИ
ревизија

МСФИ РЕВИЗИЈА ТП – СКОПЈЕ
11 Октомври 1А Кат 2, Плоштад Македонија ББ Скопје
Даночен број: 5080012502283
Телефон: 02 3 11 23 23 и Мобилен: 070 333 713
www.msfirevizija.com.mk; e-mail: revizija@msfi.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

***Мислење***

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Здружението Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје на ден 31 декември 2017 година и резултатите од работењето за годината што тогаш завршува, во согласност со Законот за сметководство на непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

***Извештај за усогласеност со потпишан договор за донација***

Здружението Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје има склучено договори со повеќе донатори, меѓу кои е и договори со Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) и тоа: Договор за институционален грант ЦИВИКА МОБИЛИТАС ЦМ-ИНС-01 со број 11-116/1-2015 од 11.05.2015 година и Договор за институционален грант ЦМ-ИНС-01 со број 11-89/7-2016 од 01.04.2016 година и Анекс на договорот со број 11-56/6-2017 од 14.04.2017 година. Во Договорот се специфицирани обврските на корисникот на средствата.

***Мислење***

Според нашето мислење, Здружението Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје ги користело средствата од институционалниот грант финансиран од Цивика мобилитас за периодот 01.01.2017-31.12.2017 во согласност со одредбите на потпишаниот договор.

Скопје, 11 Април 2018 година

МСФИ Ревизија ТП – Скопје
Жарко Михајловски
Управител

Жарко Михајловски
Овластен ревизор

ЗДРУЖЕНИЕ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ**
**за годината што завршува на**
**31 Декември 2017**
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 4 | 12.610 | 13.410 |
| Вкупни расходи | 5 | (11.898) | (13.707) |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | 4 | 1.042 | 1.342 |
| *Вишок на приходи – добивка пред оданочување* | | *1.754* | *1.045* |
| Данок на добивка | | (15) | (3) |
| ***ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ*** | | ***1.739*** | ***1.042*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Здружението на ден 19 февруари 2018 година и се потпишани во негово име од страна на:***

Одговорен за составување на финансиските извештаи
Ана Икономова

Извршен директор
Драги Змијанац

ЗДРУЖЕНИЕ ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

**БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА**
**на 31 Декември 2017**
(во 000 Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Нематеријални средства | 6 | 1 | 6 |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 403 | 545 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *404* | *551* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 7 | 1.726 | 926 |
| Побарувања од работење | 8 | 95 | 251 |
| Останати побарувања | 9 | 55 | 74 |
| Активни временски разграничувања | 10 | 23 | 42 |
| Залихи | 11 | 12 | 26 |
| *Вкупно тековни средства* | | *1.911* | *1.319* |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***2.315*** | ***1.870*** |
| **Б ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Деловен фонд | 12 | 416 | 577 |
| Вишок на приходи над расходи по оданочување | | 1.739 | 1.042 |
| *Вкупни извори на деловни средства* | | *2.155* | *1.619* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Краткорочни обврски | 13 | 65 | - |
| Пасивни временски разграничувања | 14 | 95 | 251 |
| *Вкупно тековни обврски* | | *160* | *251* |
| ***ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ*** | | ***2.315*** | ***1.870*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Здружението на ден 19 февруари 2018 година и се потпишани во негово име од страна на:***

Одговорен за составување на финансиските извештаи
Ана Икономова

Извршен директор
Драги Змијанац

## 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Здружението „Прва Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје, со скратено име Меѓаши во понатамошниот текст (Здружението) основано е на 29.04.1992 година, а регистрирано на 25.05.1992 година како непрофитна организација во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации и запишана е во регистарот на Здруженија и Фондации под Рег. бр 1.443.

Адреса: ул.Коста Новаковиќ бр.22а Скопје

Даночен број: 4030995179890

ЕМБС: 4377249

Дејност на Здружението е Останати дејности на социјална заштита без сместување, неспоменати на друго место

Цели и задачи на здружението се:

- градење и зачувување на мирот;
- заштита на децата од воени судири и други конфликти;
- заштита од злоупотреба на децата за политички, економски, воени и сексуални цели, како и заштита од сите форми на злоупотреба на детскиот труд;
- заштита, помош и поддршка на деца со родители во кризни ситуации, деца со инвалидитет, деца со низок социјален статус, деца на улица, деца без родители итн.

Мисија на Првата Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Визијата на Првата Детска Амбасада во Светот Меѓаши Република Македонија Скопје е да се обезбеди поправеден свет за секое дете.

## 2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

### 2.1 Основа за подготовка

Здружението финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Македонија, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, во прв ред Законот за сметководството

за непрофитните организации (“Службен весник на РМ” број 24/03...154/15) и соодветните подзаконски прописи донесени врз основа на истиот.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на работењето на Здружението.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Здружението ќе продолжи да работи во иднина.

## 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Здружението за годината што завршува на 31 Декември 2017.

### 3.1 Приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите кај Здружението се спроведува согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации (“Службен весник на РМ” број 24/03...154/15) и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации (“Службен весник на РМ”број 42/03, 08/09 и 175/11), односно според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно, трансакции, приходите се признаат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

### 3.2 Материјални средства

#### *3.2.1. Почетно вреднување*

Материјалните средства (постројките и опремата) почетно се вреднуваат согласно член 14 од Законот за сметководство за непрофитните организации според кое третман на долгорочни средства имаат средствата чиј век на траење е подолг од една година и чија поединечна вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност. Долгорочните средства, Здружението почетно ги

вреднува по набавна вредност намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

*3.2.2. Последователни издатоци*

Издатоците направени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Здружението.

*3.2.3. Амортизација*

Амортизацијата се спроведува со праволиниска метода на отпис која доследно се применува од пресметковен период во пресметковен период, со примена на годишните стапки кои се составен дел на Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани со Правилникот се додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Корисниот век на употреба, односно рокот на отпишување на долгорочните средства се одредува согласно со пропишаните стапки. Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 1% |
| Опрема | 14% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 20% |
| Мебел | 12% |
| Моторни возила | 15% |

*3.2.4. Ревалоризација*

Пресметката на ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) Здружението ја врши согласно член 15 од Законот за сметководството за непрофитните организации и членовите 29 и 29-а од Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Согласно цитираните законски одредби, пресметката на ревалоризација се врши во следните случаи:

1) при повлекување од употреба и отуѓување или

2) поради повторно вреднување, со стапката на пораст на цените на производителите на индустриски производи објавена од Државниот завод за статистика.

Основица за ревалоризација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација (исправка на вредноста). Ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства (нивната набавна вредност и исправка на вредноста), што се набавени во изминати години (до 31.12.2016 година) и не се отуѓени во текот на 2017 година, односно истите се искажани по пописот на 31.12.2017 година и претставуваат

елементи на билансот на состојбата составен под истиот датум (за што се применува Образецот РЕВ-1), е пресметувана бидејќи единствениот коефициент за ревалоризација за 2017 година е 0,014.

### 3.3 Побарувања

Побарувањата се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.4 Залихи

Залихи на ситен инвентар, се признаваат согласно член 14 став 7 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 евра во денарска противвредност се класифицира како ситен инвентар.

Залихите на трговска стока, се признаваат согласно член 14 став 3 од Законот за сметководството за непрофитните организации според кој краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност. Набавната вредност на залихите ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

### 3.5 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, депозити во банки и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

### 3.6 Обврски

Обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.7 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Основните активности кои ги извршува Здружението не преставуваат промет во смисла на Законот за данокот на додадена вредност и не се предмет на оданочување со ДДВ. Данокот од добивка се пресметува и плаќа на даночно непризнаени расходи во даночниот биланс.

## 4. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Вкупните приходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Приходи од донации , грантови и членарини | 11.892 | 12.544 |
| Приходи од камати и курсни разлики | 0 | 1 |
| Други приходи | 718 | 865 |
| | 12.610 | 13.410 |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | 1.042 | 1.342 |
| *Вкупно приходи* | ***13.652*** | ***14.752*** |

Здружението своите приходи ги остварува од донации и грантови. Донациите според намената се ненаменски, односно за реализирање на програмските активности на Здружението, или строго наменски за реализирање на конкретен проект. Освен приходи од донации Здружението остварува и приходи од продажба на новогодишни честитки, донации од граѓани во касички поставени на повеќе локации во земјата и останати приходи.

### 4.1. Приходи од донации

Приходите од донации за годината што завршува на 31 декември 2017 година се однесуваат на уплатени средства на сметката на Здружението за реализирање на нејзините проектни активности. Приходите од донации по донатори од кои се примени средствата е како што следи (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Министерство за економски развој и соработка на Германија-Kurve Wustrow | 3.686 | 4.500 |
| Европска комисија-Pomoc deci | - | 1.700 |
| УНИЦЕФ | - | - |
| Месечина-Европска унија | - | 118 |
| УСАИД | - | 544 |
| МЦМС-Институционален грант-Цивика | 2.000 | 2.000 |
| Град Скопје | 50 | - |
| Коалиција сега | 300 | - |
| Помоч деци – сириски мигранти 1 | - | 311 |
| Помоч деци – сириски мигранти 2 | - | 243 |
| Здружение мост | - | 221 |
| Европска комисија-РЦД Врање | 828 | 1.249 |
| Општина Гази баба-Прецеде | 30 | 30 |
| Донации во предмети | - | 17 |
| Аригатоу интернационал Кенија | 156 | |
| Фриеденкреис Хале (волонт. сервис) | 84 | |
| Осигурување Винер-Виена (сапи 1) | 308 | |
| САПИ Бугарија | 381 | |
| Save the children Kosovo (СЦИ 0038) | 3.298 | |
| Приходи од донации од правни лица | 81 | 118 |
| Приходи од донации од физички лица | 690 | 1.493 |
| *Вкупно приходи* | ***11.892*** | ***12.544*** |

### 4.2. Други приходи

Другите приходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на новогодишни честитки | 656 | 594 |
| Приходи од услуги | 37 | 263 |
| Останати приходи | 25 | 8 |
| *Вкупно други приходи* | ***718*** | ***865*** |

### 4.3. Приходи по проекти

Приходите по проекти се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Програма за мировно образование | 3.730 | 4.576 |
| Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа | - | 1.725 |
| Институционален грант-Цивика | 2.223 | 2.458 |
| Имплементација на Конвенцијата за права на дете во Македонија-Коалиција Сега | 300 | - |
| Обука за информатичко образование за Детска недела-Град Скопје | 50 | - |
| Учиме заедно-Месечина | - | 119 |
| Пат до слободни и фер избори-Коалиција сега | - | - |
| Пат до слободни и фер избори-Мост | - | 221 |
| Одговорно родителство-проект на УСАИД за граѓанско општество | - | 879 |
| Обуки за информатичко образование за деца од социјално загрозени семејства-Град Скопје | - | - |
| Транснационална коалиција СТОП | 1.120 | 1.249 |
| Сириски мигранти 1 | - | 311 |
| Сириски мигранти2 | - | 243 |
| Толеранција и почитување на разлики на деца-Општина Гази баба | 30 | 30 |
| Кофинансирање ПРЕЦЕДЕ Кјуби | - | 500 |
| Винер Виена-Кофинанс. Сапи 1 | 308 | - |
| Зајакнување на детски сили и спречување на насилство-Сапи 1 | 381 | - |
| Да ги земеме правата во наши раце-СЦИ | 3.298 | - |
| Волонтерски сервис-Халле | 84 | - |
| Сиромаштија кај децата-Аригатоу | 156 | |
| Донации и други приходи на Здружението | 1.316 | 2.297 |
| Фонд за новогодишни честитки | 656 | 595 |
| *Вкупно приходи по проекти* | ***13.652*** | ***14.752*** |

Во ставката сопствени приходи за реализација на проектни активности се евидентирани приходи кои се користат за покривање на расходи за функционирање на СОС телефонот, за дневен центар за деца кои не одат на училиште и организациски трошоци, како и за кофинансирање и авансирање на проектни трошоци. Во ставката фонд за новогодишни честитки се прикажани приходи остварени од економски активности - продажба на новогодишни честитки и истите се наменети за покривање на трошоци направени за реализирање на овие економски активности, како и за покривање на организациски трошоци неопходни за функционирање на здружението со цел спроведување на програмите и целите согласно статутот како и за кофинансирање и авансирање на проектни трошоци.

## 5. ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Расходи за материјали | 209 | 544 |
| Потрошена енергија | 71 | 83 |
| Расходи за одржување на средствата | 47 | 92 |
| Други материјални расходи | 42 | 34 |
| Комунални услуги | 21 | 18 |
| ПТТ услуги, телефони и интернет | 223 | 171 |
| Транспортни услуги (патни трошоци) со пресметан персонален данок | 464 | 526 |
| Печатарски услуги | 228 | 681 |
| Непроизводни услуги | 628 | 575 |
| Расходи за реклама (за проекти) | 6 | 68 |
| Хотелски и угостителски услуги за проекти | 1.861 | 1.701 |
| Набавна вредност на продадени трговски стоки | 18 | 127 |
| Договори на дело и авторски хонорари | 1.324 | 2.524 |
| Бруто плати | 6.293 | 5.869 |
| Набавка на основни средства | 40 | - |
| Останати расходи | 423 | 694 |
| *Вкупно расходи* | ***11.898*** | ***13.707*** |

### 5.1. Вкупни расходи по видови на трошоци се следните:

| | 2017 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|
| 1.**Расходи за материјали** | | | | |
| - Канцелариски материјал | 121 | | 49 | |
| - Помошни материјали | 29 | | 49 | |
| - Потрошени др.материјали по проекти | 27 | | 139 | |
| - Средства за хигиена | 9 | | 8 | |
| - Ситен инвентар | 23 | | 135 | |
| - Авто гуми | - | | 8 | |
| - Останато | - | | 156 | |
| **Вкупно:** | | **209** | | **544** |
| **2.Потрошена енергија** | | | | |
| - Трошоци за електрична енергија | 9 | | 8 | |
| - Гориво | 62 | | 75 | |
| **Вкупно:** | | **71** | | **83** |
| **3. Расходи за одржување на средствата** | | | | |
| - Поправки, сервис на средства | 24 | | 43 | |
| - Одржување на возила | 20 | | 46 | |

| | 2017 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|
| - Миење на возила | 3 | | 3 | |
| **Вкупно:** | | **47** | | **92** |
| **4. Други материјални расходи** | | | | |
| - Судски и административни такси | 3 | | 3 | |
| - Регистрација на возило | 22 | | 21 | |
| - Стручна литература и списанија | 2 | | 1 | |
| - Паркинг | 2 | | 2 | |
| -Други материјални расходи | 13 | | 7 | |
| **Вкупно:** | | **42** | | **34** |
| **5. Комунални услуги** | | | | |
| - Трошоци за вода | 21 | | 18 | |
| **Вкупно:** | | **21** | | **18** |
| **6.ПТТ услуги, телефони и интернет** | | | | |
| - Фиксни телефони | 29 | | 21 | |
| - Мобилни телефони | 156 | | 130 | |
| - Поштенски расходи | 30 | | 20 | |
| - Интернет | 8 | | | |
| **Вкупно:** | | **223** | | **171** |
| **7. Транспортни услуги** | | | | |
| - Транспортни услуги | 244 | | 244 | |
| - Патни трошоци (со пресметан персонален данок) | 188 | | 253 | |
| - Такси превоз | 32 | | 29 | |
| **Вкупно:** | | **464** | | **526** |
| **8.Печатарски услуги** | | | | |
| - Печатарски услуги | 228 | | 681 | |
| **Вкупно:** | | **228** | | **681** |
| **9. Непроизводни услуги** | | | | |
| -Наем на сала и опрема | 80 | | 47 | |
| -Наем на стан за волонтер | 31 | | - | |
| -Ревизија и проценка | 141 | | 73 | |
| -Адвокатски услуги | 41 | | - | |
| -Нотарски услуги | 2 | | - | |
| -Услуги за превод | 107 | | 15 | |
| -Други непроизводни услуги | 31 | | 22 | |
| -Други интелектуални услуги | 180 | | 394 | |
| -Фотокопирање | 15 | | 24 | |
| **Вкупно:** | | **628** | | **575** |
| **10. Расходи за реклама (за проекти)** | | | | |
| - Реклама за проекти | - | | 56 | |
| - Услуги за Е- пораки | 6 | | 12 | |
| **Вкупно:** | | **6** | | **68** |
| **11. Хотелски и угостителски услуги за проекти** | | | | |
| - Хотелски и угостителски услуги за проекти | 1.861 | | 1.701 | |

| | 2017 | | 2016 | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно:** | | **1.861** | | **1.701** |
| **12.Набавна вредност на продадени трговски стоки** | | | | |
| - Набавна вредност на продадена трговска стока | 18 | | 127 | |
| **Вкупно:** | | **18** | | **127** |
| **13. Договори на дело и авторски хонорари** | | | | |
| - Договори на дело и авторски хонорари | 1.324 | | 2.524 | |
| **Вкупно:** | | **1.324** | | **2.524** |
| **14. Бруто плати** | | | | |
| - Нето плата | 4.211 | | 3.932 | |
| - Персонален данок од плата | 383 | | 353 | |
| - Придонеси | 1.699 | | 1.584 | |
| **Вкупно:** | | **6.293** | | **5.869** |
| **15.Останати расходи** | | | | |
| -Негативни курсни разлики | 15 | | 13 | |
| -Провизија на платен промет | 48 | | 57 | |
| -Репрезентација | 108 | | 5 | |
| -Надомест на работници за службен пат | 152 | | 67 | |
| -Членарини | 26 | | 23 | |
| -Премии за осигурување | 52 | | 56 | |
| -Други нематеријални расходи | 9 | | 337 | |
| -Пренесени средства на други субјекти | - | | 5 | |
| -Дополнителни расходи од минати години | 8 | | 113 | |
| -Донации на физички лица со персонален данок | - | | 18 | |
| Трошоци за ДДВ | 5 | | - | |
| **Вкупно:** | | **423** | | **694** |
| **СЕ ВКУПНО:** | | **11.898** | | **13.707** |

### 5.1. Расходи по проекти

Расходите по проекти се состојат од следново (во 000 Денари):

| | **31 Декември 2017** | **31 Декември 2016** |
|---|---|---|
| Институционален грант | 1.872 | 2.235 |
| Програма за мировно образование | 3.730 | 4.534 |
| Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа | - | 2.282 |
| Волонтерски сервис-Халле | 41 | - |
| Сиромаштија кај деца-Аригатоу | 1 | - |
| Имплементација на Конвенција за заштита на права на деца-Коалција сега | 294 | - |

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Мост | | 171 |
| Детска недела-град Скопје | 50 | |
| Зајакнување на предностите на детето за превенција од насилство-САПИ 1 | 381 | 81 |
| Зајакнување на предностите на детето за превенција од насилство-САПИ 2 | 42 | - |
| Стоп 1 | 717 | 1.250 |
| Сириските деца бегалци на Балканот 1 | - | 311 |
| Сириските деца бегалци на Балканот 2 | - | 244 |
| Општина Гази баба Прецеде | - | 30 |
| Кјуби Прецеде | - | 50 |
| Одговорно родителство-Усаид | - | 879 |
| Винер Виена-Кофинанс. Сапи 1 | 308 | - |
| Да ги земеме правата во наши раце-СЦИ | 2.840 | - |
| Промов.на интегрир.образ.преку мир.активности | 24 | |
| Фонд за новогодишни честитки | 656 | 594 |
| Општи расходи на Здружението за реализирање на проектни активности | 943 | 1.046 |
| *Вкупно расходи по проекти* | ***11.898*** | ***13.707*** |

Општите расходи за реализација на проектни активности, вклучуваат расходи направени за активности на СОС телефонот, за Дневен центар за деца кои не одат на училиште и организациски трошоци неопходни за функционирање на организацијата со цел спроведување на програмите и целите согласно статутот како и за кофинансирање и авансирање на проектни трошоци. Во ставката фонд за новогодишни честитки се прикажани расходите направени за реализирање на овие економски активности, како и за покривање на организациски трошоци неопходни за функционирање на здружението со цел спроведување на програмите и целите согласно статутот, како и за покривање на организациски трошоци неопходни за функционирање на здружението

**6. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА**

Нетековните средства се состојат од следново (во 000 Денари):

| **2017** | **Постројки и опрема** | **Нематеријални средства** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2017* | 2.175 | 22 | 2.197 |
| Нови набавки | 39 | - | 39 |
| Расходувани | - | - | - |
| Ревалоризација | 31 | 0 | 31 |
| *Салдо на 31 Декември 2017* | 2.245 | 22 | 2.267 |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Салдо на 1 Јануари 2017* | *1.630* | *16* | 1.646 |
| Амортизација за 2017 | 187 | 5 | 192 |
| Ревалоризација на исправката | 25 | 0 | 25 |
| *Салдо на 31 Декември 2017* | *1.842* | *21* | 1.863 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2017*** | ***403*** | ***1*** | ***404*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2017*** | ***545*** | ***6*** | ***551*** |

| **2016** | **Постројки и опрема** | **Нематеријални средства** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2016* | 2.175 | 22 | 2.197 |
| Нови набавки | - | - | - |
| Расходувани | - | - | - |
| Ревалоризација | - | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2016* | 2.175 | 22 | 2.197 |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2016* | *1.437* | *12* | 1.449 |
| Амортизација за 2016 | 193 | 4 | 197 |
| Ревалоризација на исправката | - | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2016* | *1.630* | *16* | 1.646 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2016*** | ***545*** | ***6*** | ***551*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2016*** | ***738*** | ***10*** | ***748*** |

## 7. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Паричните средства се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Денарски сметки | 1.447 | 632 |
| Благајна денарска | 10 | 3 |
| Девизни сметки | 269 | 291 |
| *Вкупно парични средства* | ***1.726*** | ***926*** |

## 8. ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТЕЊЕ

Побарувањата од работењето се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 95 | 251 |
| Побарување од донатори | - | - |
| *Вкупно побарувања од работење* | ***95*** | ***251*** |

Побарувањата од купувачите во износ од 95 илјади денари на 31 декември 2017 година (31 декември 2016: 251 илјада денари) се однесуваат на побарувања за продадени новогодишни честитки.

## 9. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

Останатите побарувања од работењето се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Побарувања од вработени | - | 2 |
| Побарувања за повеќе платен данок од добивка | 55 | 72 |
| *Вкупно побарувања од работење* | ***55*** | ***74*** |

## 10. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Активните временски разграничувања се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Однапред платени трошоци | 23 | 42 |
| Дополнителни обврски кон донатори | - | - |
| *Вкупно активни временски разграничувања* | ***23*** | ***42*** |

## 11. ЗАЛИХИ

Залихите се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Залиха на трговска стока-Новогодишни честитки | 12 | 26 |
| *Вкупно залихи* | ***12*** | ***26*** |

## 12. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Изворите на средства се состојат од следното (во 000 Денари):

| 2017 | Деловен фонд-основни средста | Деловен фонд-Залихи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| *Салдо на 1 Јануари 2017* | **551** | **26** | **577** |
| Нови набавки | 40 | 18 | 58 |
| Продажби | | (32) | (32) |
| Амортизација | (192) | - | (192) |
| Ревалоризација | 5 | - | 5 |
| *Салдо на 31 Декември 2017* | **404** | **12** | **416** |
| **2016** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2016* | **748** | **47** | **795** |
| Нови набавки | - | 9 | 9 |
| Продажби | - | (30) | (30) |
| Амортизација | (197) | - | (197) |
| *Салдо на 31 Декември 2016* | **551** | **26** | **577** |

## 13. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

Краткорочните обврски се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Обврски кон донатори | - | - |
| *Вкупно обврски* | ***-*** | ***-*** |

## 14. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

Пасивните временски разграничувања се состојат од следново (во 000 Денари):

| | 31 Декември 2017 | 31 Декември 2016 |
|---|---|---|
| Ненаплатени средства од донатори | - | - |
| Ненаплатени приходи од продажба на честитки | 95 | 251 |
| *Вкупно пасивни временски разграничувања* | ***95*** | ***251*** |

## 15. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

На 31.12.2017 година Здружението не е инволвирано во судски постапки во кои се јавува како тужител и како тужена страна со правни и физички лица.

## 16. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на составување на Билансите не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.

**Додаток**

**Годишна сметка за 2017 година**

**- Биланс на состојба**

**- Биланс на приходи и расходи**

Прва детска амбасада во светот
Меѓаши
Република Македонија
Бр. 0306/279
26.02. 20 18 год.
Скопје

До
Централен Регистар на РМ

**Предмет:** Достава на Годишна сметка

Правен субјект:Здружение ПДАС МЕЃАШИ Р.Македонија Скопје
ЕМБС:4377249

Во прилог Ви доставуваме Годишна сметка за период 01.01.2017-31.12.2017 година на следните обрасци:

1). Биланс на состојба (Извештај за финансиската состојба)
2). Биланс на приходи расходи
3). Државна евиденција - образец ДЕ
4). Образец за структура на приходи по дејности - СПД
5). Белешка за распоредување на резултатот
6). Изјава од овластен застапник
7). Копија од Уверението за сметководител / овластен сметководител, согласно Законот за вршење на сметководствени работи, издадено од Институт за сметководители и овластени сметководители на РМ
8). Вирман (уплатница)

Централен Регистар на Република Македонија-Скопје
ПРИМЕНО 27. 02. 2018 ПРИМЕНО

Скопје, 26.02.2018

Овластено лице,

Прва детска амбасада во светот
Меѓаши
Република Македонија
Бр. 0306/280
26.02. 2018 год.
СКОПЈЕ

# ИЗЈАВА

**под морална, материјална и кривична одговорност за точноста и вистинитоста на податоците искажани во годишната сметка и финансискиот извештај**

Јас Драги Змијанац со ЕМБГ 2502960450135
како овластен застапник на Здружение прва детска амбасада во светот Меѓаши, Р.Македонија, Скопје со матичен број (ЕМБС) 4377249 изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците искажани во годишната сметка и финансискиот извештај за 2017 година, се точни и вистинити.

Изјавил,

Контролор

Период

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 0 | 4 | 3 | 7 | 7 | 2 | 4 | 9 | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |

Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси

Назив на непрофитната организација, **Здружение ПДАС Мегаши Р.Македонија, Скопје**

Седиште, **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02/2465-316**

...во светот Мегаши Република Македонија бр 0501/284 26.02.2018 год. Скопје

**БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ**

во периодот од 01.01.2017 до31.12.2017 година

(во денари)

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | I. РАСХОДИ<br>МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210 ) | 201 | 4142689 | 3456379 |
| 1. | Потрошени материјали | 202 | 544438 | 209653 |
| 2. | Потрошена енергија | 203 | 101164 | 92357 |
| 3. | Други услуги | 204 | 2530870 | 2197783 |
| 4. | Превозни - транспортни услуги | 205 | 696901 | 678158 |
| 5. | Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 206 | 61221 | 107784 |
| 6. | Амортизација | 207 | | |
| 7. | Набавна вредност на продадените материјали, стоки и услуги | 208 | 127052 | 18043 |
| 8. | Наемнини | 209 | 47188 | 110422 |
| 9. | Други материјални расходи | 210 | 33855 | 42179 |
| | ДРУГИ РАСХОДИ ( 212 до 221) | 211 | 3678200 | 2103777 |
| 10. | Провизија за платниот промет | 212 | 57070 | 47933 |
| 11. | Камати на кредити и заеми | 213 | | |
| 12. | Премии за осигурување | 214 | 56377 | 52251 |
| 13. | Дневници за службено патување и патни трошоци | 215 | 67131 | 151667 |
| 14. | Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 216 | | |
| 15. | Негативни курсни разлики | 217 | 13474 | 14624 |
| 16. | Членарини | 218 | 23110 | 25514 |
| 17. | Други расходи | 219 | 3456268 | 1811788 |
| 18. | Издатоци за меѓународна соработка | 220 | | |
| 19. | Пренесени средства | 221 | 4770 | |
| | КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА ( 223 +224+225) | 222 | | 39500 |
| 20. | а) Средства за градежни објекти | 223 | | |
| 21. | б)Средства за опрема | 224 | | 39500 |
| 22. | в)Други капитални средства | 225 | | |
| | ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+ 228 +229) | 226 | 17630 | - |

Период　　Контролор

| 0 | 4 | 3 | 7 | 7 | 2 | 4 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

1 2 3 Вид работа　4 5 6 7 8 9 10 11 Идентификационен број 4030995179890　12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26 Резервни кодекси

Прва петта вибаседа во светот Меѓаши Република Македонија бр. 0505/285 26.02. 2018 год.

НАЗИВ НА НЕПРОФИТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА **Здружение ПДАС Меѓаши Р.Македонија, Скопје**

СЕДИШТЕ **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02/2465-316**

# БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА

на ден **31.12.2017** ГОДИНА

(во денари)

| Ред Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | А К Т И В А<br>А.ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА<br>( 002+003+008+009) | 001 | 550700 | 2267453 | 1863364 | 404089 |
| 1. | I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 002 | 5758 | 21896 | 20437 | 1459 |
| | МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (004 до 007) | 003 | 544942 | 2245557 | 1842927 | 402630 |
| 2. | Земјишта и шуми | 004 | | | | |
| 3. | Градежни објекти | 005 | | | | |
| 4. | О п р е м а | 006 | 544942 | 2245557 | 1842927 | 402630 |
| 5. | Други материјални средства | 007 | | | | |
| | II.МАТЕРИЈАЛНИ И НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА ВО ПОДГОТОВКА | 008 | | | | |
| 6. | III. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА | 009 | | | | |

| Ред Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | Б. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА, КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА И АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024) | 010 | 1292542 | 1899312 | | 1899312 |
| | I.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017) | 011 | 926129 | 1726179 | | 1726179 |
| 7. | Жиро-сметка | 012 | 632029 | 1446961 | | 1446961 |
| 8. | Благајна | 013 | 2629 | 10282 | | 10282 |
| 9. | Девизна сметка | 014 | 291471 | 268936 | | 268936 |
| 10. | Издвоени парични средства и акредитиви | 015 | | | | |
| 11. | Нерезидентна девизна сметка | 016 | | | | |
| 12. | Други парични средства | 017 | | | | |
| 13. | II.ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ | 018 | | | | |
| 14. | III.КУПУВАЧИ | 019 | 250697 | 95050 | | 95050 |
| 15. | IV.ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ, ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 020 | | | | |
| 16. | V. КРАТКОРОЧНО - ФИНАНСИСКИ ПОБАРУВАЊА | 021 | | | | |
| 17. | VI. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА | 022 | 1227 | | | |
| 18. | VII.ПОБАРУВАЊА ЗА ПОВЕЌЕ ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ | 023 | 72369 | 55072 | | 55072 |
| | VIII.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (025+026+027) | 024 | 42120 | 23011 | | 23011 |
| 19. | Однапред платени разграничени трошоци | 025 | 42090 | 23011 | | 23011 |
| 20. | Пренесен вишок на приходи од претходната година | 026 | | | | |
| 21. | Други активни временски разграничувања | 027 | 30 | | | |
| | В.МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ, СИТЕН ИНВЕНТАР, ПРОИЗВОДСТВО, ПРОИЗВОДИ И СТОКИ (029 до 034) | 028 | 25963 | 1349813 | 1338076 | 11737 |

| Ред Бр. | ПОЗИЦИЈА | Ознака за АОП | Износ | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година | | |
| | | | | Бруто | Исправка на вредноста | Нето (5-6) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 22. | Материјали на залиха | 029 | | | | |
| 23. | Резервни делови | 030 | | | | |
| 24. | Ситен инвентар | 031 | 0 | 1338076 | 1338076 | 0 |
| 25. | Производство | 032 | | | | |
| 26. | Производи | 033 | | | | |
| 27. | С т о к и | 034 | 25963 | 11737 | | 11737 |
| | Г.НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ ( 036+037) | 035 | | | | |
| 28. | Непокриени расходи - загуба од Поранешни години | 036 | | | | |
| 29. | Непокриени расходи - загуба од тековната година | 037 | | | | |
| | Д.СРЕДСТВА НА РЕЗЕРВИ (039 + 040) | 038 | | | | |
| 30. | Парични средства на резервите | 039 | | | | |
| 31. | Пласмани и побарувања од резервниот фонд | 040 | | | | |
| | Ѓ.СРЕДСТВА ЗА ДРУГИ НАМЕНИ | 041 | | | | |
| 32. | ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041) | 042 | **1869205** | **5516578** | **3201440** | **2315138** |
| 33. | ВОНБИЛАНСНА АКТИВА | 043 | | | | |

| Ред број | ПОЗИЦИЈА | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година (почетна состојба) | Износ на денот на билансирање (тековна година) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
http://mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/52/133595872
https://www.youtube.com/watch?v=p0SMFBM33nM&feature=youtu.be
https://www.youtube.com/watch?v=PYdkXDMO3bQ&feature=youtu.be
https://www.youtube.com/watch?v=sdA7yYjzFY4
https://www.facebook.com/TvGlobi/videos/610144889181532/
https://www.youtube.com/watch?v=M6hYZgtcuNA
https://www.youtube.com/watch?v=VcNe32Jlke0
https://www.youtube.com/watch?v=epWnA9k7-_k
https://www.facebook.com/megjashi/videos/1454181394647799/
https://www.facebook.com/megjashi/videos/1455507421181863/
https://www.facebook.com/AlsatMTelevision/videos/542208136115412/?hc_ref=ARS7_LAD-oD8uIm8TyjYNiJ8vjawJUw2HVay1ZiTdoY6lp2WgqF17m35v4NZWLyBFrg&fref=gs&hc_location=group
https://www.facebook.com/megjashi/videos/1498094626923142/
http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/134/134015397
http://makfax.com.mk/daily-news/
https://www.facebook.com/megjashi/videos/1518045044928100/
https://www.facebook.com/megjashi/videos/1517694294963175/

https://www.facebook.com/megjashi/videos/1516403085092296/
https://youtu.be/HS_Brk-78Bk
http://gostivarpress.mk/gimnazijaltsite-silni-novogodishni-poraki-humanitarna-aktsija/
http://a1on.mk/archives/837521

## 3. ТРАНСНАЦИОНАЛНА КОАЛИЦИЈА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНИ И ДЕЦА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО – СТОП

Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со имплементација на проектот „Транснационална коалиција на граѓански организации на Југоисточна Европа за заштита на жени и деца од трговија со луѓе и родово базирано насилство – СТОП". Овој проект започна да се спроведува од 1 јануари 2016 година и ќе трае до 31 декември 2019 година, а е финансиран од Европската унија во рамките на програмата Instrument for Pre-accession Assistance (IPA) Civil Society Facility and Media Programme. Проектот е имплементиран од партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: ***Ромски демократски центар (Roma Center for Democracy)*** од Србија како носител на проектот во соработка со партнерите ***Првата детска амбасада во светот Меѓаши*** од Македонија***, Центар за мир и толеранција (Center for Peace and Tolerance)*** од Косово***, Партнери за детето (Partnere per femijet)*** од Албанија ***и Виве Жене (Vive Zene)*** од Босна и Херцеговина.
**Општата цел** на овој проект е да се зајакнат граѓанските организации и да се поттикнат да учествуваат во владините политики и процесот на одлучување преку зајакнување на капацитетот за дијалог (помеѓу организациите и Владата).
**Специфичните цели** се да се поттикне вмрежување на граѓанските организации со цел да се олесни размената на знаења и вештини преку застапување за теми поврзани со трговија со илегална миграција и последиците од тоа како што се трговија со луѓе и родово засновано насилство додека се транзитира низ Југоисточна Европа.
**Целни групи се**: граѓански организации, Национални и локални власи и носители на одлуки во Југоисточна Европа.
**Корисници се**: Жени и деца жртви од трговија со луѓе, одговорни институции на Србија, Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија и Косово; меѓународни организации кои се занимаваат со прашања поврзани со нелегална миграција.
**Дел од активностите имплементирани во 2017:**

- **Регионален состанок на проектните партнерски организации одржан во Скопје, во периодот од 18.01-20.01.2017 година**

СТОП партнерството, одржа регионален состанок во Скопје во периодот од 18.01-20.01.2017 година. Првиот ден од средбата беше посветен на презентирање на регионална политика и нејзино прифаќање од страна на организациите партнери во проектот. Следниот ден, националните проектни координатори и директорите разговараа за активностите кои следат, со посебен осврт на развивање на програми за обуки за грѓански организации и надлежни институции во делот на трговија со луѓе и родово базирано насилство. Состанокот беше завршен со разгледување на правилата за видливост на проектот и стратегијата за комуникација.

- **Работна средба со релевантни чинители (државни институции и граѓански организации) на 22 февруари 2017 година во Скопје**

На 22 февруари, 2017 година , проектниот тим на ПДАС Меѓаши, одржа Работна средба на која што се разгледаа препораките за поголема вклученост на граѓанските организации во борбата за спречување на трговијата со луѓе.

На средбата присуствуваа претставници од граѓанските организации, претставници на владините институции како Центарот за Социјална работа, Министерството за внатрешни работи и Меѓународни организациии кои работат на полето на спречување на трговијата со луѓе и криумчарење. Оваа средба беше водена од двајца фацилитатори. Еден од говорниците беше проект координаторот, кој ги презентираше досега преземените активности и посочи кои се целите на проектот и очекуваните резултати од истиот. Се стави акцент и на значајната улога на заедничката соработка помеѓу граѓанските организации. Вориот говорник, надворешен експерт за национални стратегии, даде препораки за поголемо вклучување на граѓанските организации во процесот на борбата против трговијата со луѓе и родовото насилство. За време на оваа средба, учесниците ги споделија своите впечатоци и очекувања, даваа предлози и препораки, коишто проект координаторот ги зеде во предвид за финализирање на модулите при подготовка на програми за обука за градење капацитети на граѓанските организации.

**Проценка на капацитетите на граѓанските организации во Македонија**

Детската амбасада Мeѓаши направи истражување со цел да ги процени капацитетите на граѓанските организации во Македонија. Добиените податоци се користат за проценка на нивото на капацитетите на ГО во однос на трговијата со луѓе, родово базираното насилство, и заштитата на децата. Овие податоци ќе се користат како основа за понатамошен развој на модулите за обуки кои ќе бидат фокусирани на борбата против трговијата со луѓе и родовото насилство како општи теми, но со специфики креирани согласни одговорите на ГО.
Врз основа на анализата на прашалникот, беше подготвен извештај кој ги презентира наодите од истражувањето. Главниот заклучок од истражувањето е дека анкетираните организации имаат потреба од дополнителни обуки за споделување на научените лекции и добри практики во борбата против трговијата со луѓе и родовото насилство. Како следни интересни теми за обуки за граѓанските организации се издвоија: регионална соработка; обука во областа на контекст за поддршка и заштита на жртвите и градење капацитети за лобирање и вештини за застапување. Можеме да заклучиме дека на граѓанските организации потребно им е дополнително знаење повеќе во практичниот дел, отколку во теоретскиот.

**Регионален состанок на партнерските организации на проектот што се одржа од 05.06 до 07.06.2017 година во Ниш, Србија**

СТОП партнерството одржа регионална средба во Ниш од 05.07 до 07.06 2017 година, која беше организирана од организација носител на проектот, Ромски центар за демократија. На оваа средба присуствуваа претставници од ПДАС Мeѓаши (координаторот на проектот и финансискиот асистент). Главната цел на оваа средба беше реформулација и прилагодување на самата проектна апликација, логичката рамка, како и буџетот. Средбата беше предводена од фацилитатор, кој и помогна на групата побрзо и подобро да го реформулира проектот и сите негови аспекти.
Првиот ден од средбата, беше посветен на ревизија на визијата на проектот, ревизија на целите и очекуваните резултати. Вториот ден, учесниците направија ревизија на активностите и логичка рамка на проектот. Средбата беше завршена со ревизија на буџетот и аспектите на управување со проектот.

**Обука за родово базирано насилство и трговија со луѓе, од 25 до 27 декември 2017 година во Охрид**

"Обука за родовобазирано насилство и трговија со луѓе" се одржа од 25 до 27 декември 2017 година во Охрид, во просториите на хотелот "Тино". На обуката присуствуваа претставници од граѓански организации кои беа избрани да учествуваат на обуката.

На обуките беа опфатени различни теми, како што се: трговија со луѓе и родово насилство воопшто со нивните специфики; спречување, заштита и поддршка на жртвите на насилство, моментална состојба и добри практики; препознавање и спречување на трговијата со луѓе; гаранции за соодветна заштита на жртвите од родово базирано насилство; Истанбулската конвенција и преземените одговорности со нејзината ратификација како соодветна заштита на жртвите од родово насилство. На оваа обука учесниците имаа можност да ги продлабочат своите знаења за наведените теми.

**Учество на обуката "Нови алатки и нивна имплементација во спречувањето на трговијата со луѓе"**

На 7 декември 2017 година, координаторот на проектот Катерина Конеска учествуваше на обуката "Нови алатки и нивна имплементација во спречувањето на трговијата со луѓе" организирана од Отворена Порта Ла Страда и канцеларијата на ОБСЕ во Македонија. Во текот на обуката беа разгледани неколку теми: основниот концепт на трговијата со луѓе, правната и институционалната рамка за борба против трговијата со луѓе; улогата на ГО во спречувањето на трговијата со луѓе и трговијата со деца. Новата алатка беше презентирана од обучувачите. Обуката беше завршена со пленарна дискусија и план за развој на идните превентивни активности.

**Присуство на медиумите**

Членовите на проектниот тим на Детската амбасада Меѓаши имаа медиумски настапи каде што зборуваа за прашањата поврзани со проектот (трговија со луѓе, родово насилство, мигранти, непридружувани мигранти итн.). Медиумските настапи се поставени на YouTube канал на Детската амбасада Меѓаши и тие се достапни на следниве линкови:

- https://www.youtube.com/watch?v=70ShoZ3GlOc ТВ МТВ на 03.03.2017
- https://youtu.be/JTLlILAEwKA - ТВМ - Охрид, 27.12.2017

## 4. ПРОГРАМА "ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВОТО"

Од 01.10.2016 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со реализација на проектот „Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство" кој што се спроведува од страна на партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: Social Activities and Practices Institute - SAPI од Бугарија како носител на проектот во соработка со партнерите Првата детска амбасада во светот Меѓаши од Република Македонија; Association for Child and Family Empowerment "Ave Copiii" од Молдавија; Social Services Agency од Летонија; Federatia Organizatiilor Neguvernamentale pentru Copil од Романија; Network of Organizations for Children of Serbia – MODS од Србија; The Association for a better world од Словенија и Tirana Legal aid society (TLAS) од Албанија.

Проектот се имплементира во периодот од октомври 2016 година до октомври 2021 година, а е финансиран од страна на Оак Фондацијата (Oak Foundation) за целото времетраење на проектот. Во 2017 година, спроведувањето на проектот во

Република Македонија беше поддржано и од страна на Осигурување Македонија а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп.

Самиот проект има неколку цели кои би сакале во текот на неговото пет годишно спроведување да ги постигнеме:

1. Изградување на транснационални и локални мрежи за воведување на системски пристап за спречување на злоставување и заштита на децата од сите форми на насилство, вклучувајќи и сексуална злоупотреба. Мрежите подразбираат вклучување не само на професионални системи на заштита, туку и универзални услуги како образование и здравство, а се очекува и вклученост на децата и родителите. Креирањето на функционални мрежи се очекува да донесе до одржливи промени на ставовите и долгорочна посветеност на сите учесници.
2. Градење на капацитетот на возрасните - професионалците и родителите од примарната средина на детето, во насока на разбирање и почитување на нивните потреби, почитување на нивните гледишта и заштита нивните права врз база на резилиентната теорија.
3. Подобрување на капацитетот на професионалците и родителите за обезбедување на сигурна и безбедна семејна и училишна средина, при што фокусот ќе биде ставен на нивните способности и потенцијали.
4. Помош и поддршка на адолесцентите да ги идентификуваат своите компетенции при превенција на насилство.

**Во 2017 година се спроведени следниве активности:**

**Координативна средба, од 14.03 - 15.03.2017, во Софија**

Двајца претставници од Детската амбасада Меѓаши, координаторот на проектот Катерина Конеска и националниот експерт Јана Зенговска учествуваа на воведната средба, која се одржа во Софија, од 14 до 15 март 2017 година. Средбата беше организирана од страна на SAPI како водечка организацијата во проектот. Беше презентиран проектот во целина, се објасни улогата на проектните партнери, правилата и начините на известување, финансиски прашања, грантови можности за совпаѓање на проектот и други релевантни работи за успешно спроведување на проектот.

**Обука за обучувачи за "Вовед во резилентен пристап " одржана од 16 до 17 март 2017 година во Софија**

Двајца претставници од Детската амбасада Меѓаши, координаторот на проектот Катерина Конеска и националниот експерт Јана Зенговска учествуваа на Меѓународната обука за обучувачи за "Вовед во резилиентност" која се одржа во Софија, од 16 до 17 март 2017 година. Обуката беше организирана од страна на SAPI и одржана од експерт Нели Петрова Димитрова. Обуката опфати неколку теми релевантни за проектот. Првиот дел од обуката беше посветен на воведувањето на резилиентниот пристап, феноменот на резилиентноста, неговите елементи и можностите за спроведување во практика при активностите за спречување на злоупотреба. Вториот дел беше фокусиран на специфичните аспекти на обуката односно како да се направи интерактивна обука, најважните работи што еден обучувач треба да ги знае, како да се развие програма за обука и проценка на потребите за обука.

**Национална обука на обучувачи за "Вовед во резилиентност"**

Националната обука на обучувачи за "Вовед во резилиентност" се одржа на 15 и 16 јуни 2017 година во Скопје, во просториите на хотелот "Порта". На обуката

присуствуваа професори од основното училиште "Стив Наумов", стручен кадар (педагог, психолог и логопед), директорот, 4 претставници од Завод за социјални дејности (социјален работник, педагог и психолог), 1 претставник од Установа за сместување на деца без родители и без родителска грижа над тригодишна возраст и на младинци „11 Октомври“ – Скопје, 1 претставник од општина Гази Баба, Скопје и 1 претставник од родителски совет во рамките на училиштето "Стив Наумов" и претставници од граѓанските организации кои работат во оваа област.
На обуката беа опфатени разни теми, како што се: резилиентниот пристап, што значи спроведување во пракса на овој пристап, добриот пристап во училиштата, принципите на резилиентниот пристап и спроведувањето на овој пристап во секојдневната работа во училиштата.
На оваа обука учесниците имаа можност да ги запознаат и да ги продлабочат своите знаења за резилиентниот пристап. Тие исто така добија и Прирачник "Вовед во резилиентност", кој беше преведен на македонски јазик. Обуката беше предводена од националниот експерт, кој беше обучен за ова прашање. На самиот крај на обуката, учесниците го споделија своето големо задоволство од сесиите, кои ги образложија во листите за евалуација.
**Состанок на Советот за поддршка на проектот**
Состанок на Советот за поддршка на проектот се одржа на 30 јуни во Скопје, во просториите на Детската амбасада Меѓаши. На оваа средба присуствуваа поголемиот дел од релевантните чинители како претставници од Заводот за социјални дејности, наставници и стручни лица од основното училиште "Стив Наумов", претставници од Министерството за труд и социјална политика, Установа за сместување на деца без родители и без родителска грижа над тригодишна возраст и на младинци „11 Октомври“ – Скопје и претставници од граѓанските организации кои работат во оваа област. Главната цел на овој состанок беше подетално запознавање на учесниците со проектот, целите на проектот и неговите активности. Координаторот на проектот ги презентираше целите, начинот на спроведување на активностите, очекуваните резултати и постигнувањата. По презентацијата, координаторот и експертот организираа дискусија за начините на вклучување на засегнатите страни во спроведувањето на активностите, нивните очекувања и нивната улога во советот за поддршка на проекти. Средбата беше затворена со заклучоци за идните чекори. Детската амбасада Меѓаши треба да испрати писмо за детално запознавање со релевантните институции и да организира одделни состаноци со повеќето од нив, со цел подобро да ги дефинира улогите, должностите и одговорностите во рамките на проектот.
**Локални обуки за Резилиентност**
На 31.08-01.09.2017 година беа одржани локални обуки во ОУ „Стив Наумов“. Избраните обучувачи организираа обука за своите колеги на која ги споделија научените работи од обуката за резилиентност. За време на подготовката и за време на обуката, обучувачите беа поддржани од националниот експерт. Сите работи беа договорени меѓу координаторот на проектот, националниот експерт и обучувачите.
За време на локалните обуки беа опфатени различни теми: поимот резилиентност, потребата од примената на овој пристап, значењето на пристапот на резилиентност и неговото значење. Посебен акцент беше ставен на принципите на добар пристап во училиштата.
Исто така, за време на работилницата беа разгледани современи методи за превенција и воспитување. Посебен акцент беше ставен на третманот или терапевтскиот третман на децата кои биле изложени на трауматски искуства и настани. Исто така се зборуваше и за посебни методи, кои претставуваат концепт на сеопфатен пристап за спречување на насилство, последиците од насилството и интервенцијата што ќе се применуваат во обучувањето на родителите, во образованието и во односите со заедницата.

**Истражување на степенот на насилство во училиштата, потребите за превенција од насилство и ефикасноста на интервенциите за децата жртви**

Истражувањето се одвиваше во неколку фази. Прво, прашалниците беа преведени од англиски на македонски јазик. После тоа, беа мапирани потенцијалните учесници на кои ќе бидат доставени овие прашалници. Се одржа состанок со цел да се добие писмо за согласност од родителите чии деца ќе бидат вклучени во ова истражување. Со секоја категорија вклучени луѓе, како што се: наставници, родители, деца и други професионалци, се одржа посебен состанок каде што беа објаснети целите на истражувањето. За секоја од овие категории експертот ги објасни прашањата во прашалниците и даде инструкции за нивно одговарање.

Испитаниците имаа еден месец да ги дадат своите одговори, потоа пополнетите прашалници беа анализирани. Анализата на податоците вклучуваше дескриптивна статистика и беше направена со програмата SPSS од страна на дипломиран психолог. Резултатите беа прикажани во наративен извештај, како посебен дел за секоја категорија, односно наставници, родители, деца и професионалци.

Генерален заклучок е дека според испитаниците, училиштата се здрави, продуктивни и генерално добри места за децата да можат да бидат присутни во нив. Според податоците, наставниците, родителите и децата имаат отворена комуникација меѓу нив, сугерирајќи дека можат да разговараат и да најдат начини да се справат со конкретни проблеми во конкретни случаи. Децата во училиштата се чувствуваат безбедно.

Кога станува збор за детско учество во процесите, децата може да имаат активна улога во училишниот живот и слободно можат да се изразуваат. Според податоците, ова важи и за родителите. Наставниците бараат нивно мислење, а понекогаш се прават и промени во училиштето по предлог на децата или на родителите. Децата изјавија дека нивното мислење е почитувано, но не кажаа дека ретко предлагаат промени во училиштата и дека не се направени многу промени поради сугестии на децата.

Формираната соработка и комуникација со институциите, претставува плодна почва за понатамошна работа. Со нетрпение очекуваме да се продлабочи контактот со нив, верувајќи дека ова е начинот на кој ќе се постигне спречување на насилството и децата воопшто.

**Координативен состанок, 30-31.10.2017 година, одржан во Софија**

Двајца претставници од Детската амбасада Меѓаши, координаторот на проектот Катерина Конеска и националниот експерт Јана Зенговска учествуваа на Координативната средба која се одржа во Софија, од 30 до 31 октомври 2017 година. Состанокот беше организиран од страна на SAPI како водечка организација во проектот кој ги презентираше постигнувањата во првата година од страна на партнерските организации, резултатите од проценката на степенот на насилство во училиштата, проценката на потребите за превенција од насилство и ефикасноста на интервенциите во помош и поддршка на децата жртви. Вториот ден од средбата беше посветена на активностите за втората година од проектот, начинот на спроведување на активностите, нивните цели и правилата за известување, финансиските прашања, како и можностите за совпаѓање на проектот и други релевантни работи за успешното имплементирање на проектот.

На крајот на обуката, пред учесниците беа презентирани програми за професионалци кои ќе бидат имплементирани во втората проектна година, развиена од експертскиот тим на SAPI. Тие се: - Програма за обука за родители на адолесценти; - Програма за подготовка на свој проект; - Подобро зборуваме - Програма за обука за адолесценти.

**Обука за обучувачи за "Адолесцентна резилиентност: Промотивни фактори кои ја поддржуваат превенцијата", 31 октомври -2 ноември 2017 година, Софија**

Двајца претставници од Детската амбасада Меѓаши, координаторот на проектот Катерина Конеска и националниот експерт Јана Зенговска учествуваа на Меѓународна обука за обучувачи за "Адолесцентна резилиентност: промотивни фактори кои ја поддржуваат превенцијата" која се одржа во Софија, од 31 октомври до 2 Ноември 2017 година. Обуката беше организирана од страна на SAPI и одржана од експертот д-р Марко Јус, од Универзитетот во Падова. Обуката опфати неколку теми релевантни за проектот. Првиот дел од обуката беше посветен на потсетување на знаењето за пристапот на резилиентност од претходната обука и разгледување на био-екологијата на човековиот развој и на мултидимензионалниот модел на детскиот свет. Вториот дел беше фокусиран на специфичните аспекти на резилиентност, наративен пристап и креативност како теоретска рамка и резултатите од истражувањето и улогата на обучувачот-туторот за резилиентност. Последната сесија се однесуваше на еко-мапата. Обуката беше завршена со повратни информации од учесниците и планирање на идните активности.

## 5. ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Следниве активности беа имплементирани во 2017**
**Извештај за спроведувањето на детските права во Република Македонија преку работењето на Собранието**
Изготвени се три извештаи за детските права во Република Македонија како дел од работењето на Собранието за периодот од 2016 и 2017 година и истите беа јавно презентирани. Овие извештаи се изработени по однапред утврдена и одобрена методологија.
Целта на ови три ивештаи, е да се создаде општ преглед за степенот на застапеност на детските права генерално во Собранието на Република Македонија. За таа цел, беа разгледани и земени во предвид материјалите за 2016 година и 2017 година. Во кварталниот извештај утврдено е дека се потврдуваат и препознаваат детските права, но повеќе преку индиректен пристап, иако во некои дискусии можат да се забележат разгледување на аспекти на директна примена на потребите на децата и нивните права.
Од анализите би можеле да заклучиме дека кога станува збор за детските права за периодот кој е споменат во извештајот, следниве права најчесто се третираат:

- Правата на децата за квалитетно образование
- Правата на децата за здравствена заштита
- Правата на децата за социјална заштита

Анализите на документација го зема во предвид политички контекст, во коишто Парламентот на Република Македонија работел за време на периодот за кој е изготвен извештајот. Во извештајот се укажува дека во иднина треба да се стави акцент не само на основните права на заштита на децата, туку и на секундарните и терцијарните права како што е правото на учество на децата, слободата на говорот итн. Во исто време, би сакале да истакнеме дека кога станува збор за правата на децата, тие можат да бидат поврзани со други дискусии, нацрт закони и иницијативи, но според нашите сегашни потреби сметавме дека најважни се сесиите (пленарната седница, седници на работни тела и парламентарни прашања).

Детални податоци за работата на Собранието на Република Македонија во врска со застапеноста на правата на децата се прикажани во три одделни тримесечни извештаи.

**Прес - конференции**
*Прва прес конференција*
На 26.05.2016 година, се одржа прес конференција на која ги презентиравме деталните податоци од мониторингот на Собранието. Оваа прес-конференција беше проследено со шест новинари од телевизиските медиуми.
*Втора прес конференција*
На 27.10.2017 година, во Хотел Порта беа презентирани резултатите од извештајот. Истото беше проследено и со претставници од медиумите, а на оваа прес-конференција присуствуваа и Извршниот директор на Коалиција СЕГА, кој го презентираше целокупниот проект, целта и постигнатите резултати.
*Трета прес конференција*
На оваа прес-конференција беа презентирани податоците анализирани во текот на 2017 година, а истовремено беше направена и компаративна анализа со податоците од 2016 година. Прес-конференцијата се одржа во просториите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

## 6. ЦИВИКА МОБИЛИТАС 2017 – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ

**Работилница за Етички кодекс**

На 19ти Јуни 2017 година тимот на првата детска амбаасада во светот Меѓаши го усвои новиот Етички кодекс. На работилницата беа присутни сите вработени и еден практикант и сите активно учествуваа. На истиот ден 4 документи беа разгледувани: Етички кодекс, Правилник за работни односи, Правилник за надзорен одбор и правилник за управен одбор. Тимот на Меѓаши го усвои Етичкиот кодекс и делумно го разработи правлникот за работни односи.

**Состаноци со целната група (деца, родители, наставници, медиуми, државни институции...)**

Состанокот се оддржа на 13.03.2017 во НВО центарот МКЦ на кој присуствуваа 19 учесници од целната група и 4 насоки на дејствување беа прифатени од вкупен предлог од 32.
Поради големиот интерес од страна на присутните наместо претходно планираните 3 насоки, одбрани беа 4 насоки на дејствување, од кои на 3 веќе Меѓаши работи.
Вклучувањето во проетестите против загадувањето на воздухот, е директно поварзано со една од насоките. Реакции за политичка злоупотреба, Меѓаши има повеќе пати реагирано и последно пратена е реакција до средно школо во Прилеп каде директорт ги терал децата да протестираат. Реакции беа пратени и за врсничкото насилство.

1. Континуитет во заштита на здравјето на децата (обезбедување здрава животна средина и чист воздух)
2. Реакции за вклучувањето на деца во политички цели (политичка злоупотреба во образовните институции)
3. Врсничко насилство
4. Тренинзи за професорите и подготовка за комуникација со деца од разведени родители

**Видео промоција на НВО**

Промотивно видео за достигнувањата на 7 НВО организации кои се институционални грантисти од првата година на ЦИВИКА Мобилитас, беше презентирано на јавноста

во Април 2017 година. Видеата прикажуваа по едно достигнување од секоја од 7те организации. Направени беа 3 видеа од кои едно ги вклучување сите 7 организации со времетраење од 5минути, и другите 2 видеа се со траење од по 1 минута. Кратките видеа беа наменети за презентација на достигнувањата на телевизија и на социјалните медиуми. Видеата беа пратени до сите национални телевизии со барање за презентација и истите беа споделени и на социјалните медиуми.

**25 годишнина на Првата детска амбасада во светот Меѓаши**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши со цел да обезбеди средства за оддржување на љубилејот испрати барање за поддршка до 194 компании. Обезбедени беа 78.000 денари од 6 компании и друг вид на поддршка од 10 други компании. На самиот настан Првата детска амбасада во светот Меѓаши додели 10 плаќети од кои 6 на компании кои ја помогале работата на амбасадата долг период како и 4 на личности кои имаат дадено посебен придонес во работата и развојот. Доделени беа и голем број на благодарници за поддршка и вклученост во активностите во сите претходни 25 години.

**7. Активности за прибирање средства**

**Бизнис план и истражување за социјално претпријатие**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши долг период работи на оддржливоста, поседно во делот на донации, економски активности и организаирање специјални настани. Подготовката на бизнис планот е уште еден чекор кон поголема самоодржливост на организацијата. Идеата за формирање печатница како социјално претпријатие е од пред 5 години и сега конечно секторот за самоодржливост и даде и пишана верзија. Бизнис планот беше подготвен со помош на невладината организација ХЕРА како дел од проектот „Зајакнување на жените Ромки“. Истражувањето за соработката меѓу НВО секторот и печатниците беше спроведен во Октомври 2017 година. Преку анализа на резултатите јасно беше видливо дека има простор за Меѓаши да започне со реализација на идеата за отварање на печатница Бушавко. Организациите се заинтересирани за соработка со печатница која проеизлегува од НВО секторот и е социјално претпријатие кое ќе вработува ранливи групи.

**Соработка со ФОРД Македонија**

Во месец Ноември 2017 година, ФОРД Македонија објави специјална понуда за своите клиенти, односно со купувањето на возило во Петоците од Ноември покрај големите попусти дел од средствата беа наменети за Дневниот центар на првата детска амабсада во светот Меѓаши. Со секое продадено возило 50 евра беа донирани на сметката на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Вкупната донација изнесуваше 300 евра за Дневниот центар за деца кои не одат на училиште, кои беа потрошени за набавка на машина за перење и сушење алишта како една од потребите на целната група.

**Новогодишни честитки**

Секторот за самоодржливост при Првата детска амбасада во светот Меѓаши одлучи да донира 7023 новогодишни чесититки на училиштата кои се вклучени во активностите на програмата за мировно образование. Поредложено беше честитките да се употребат за праќање на пораки за мир, да се пратат до влијателни личности и личности кои носат одлуки, или на друг начин за кој сметаат професорите дека е соодветно да се употребат.

По донацијата на чесититкие започна и продажбата, оваа година продажбата беше значително помала во однос на претходните години. Направени беа напори за подобрување на продажбата преку купување меил адреси на компании како и соработка со компанија која работи на подобра и сигурна дистрибуција на меил пораки, но и покрај напорите продажбата бележеше пад. Повторно бројот на поддржувачи беше како оној од 2016 година но со многу помалку продадени новогодишни чесититки. Она што е значајно за овогодинешната продажба е бројот на

продадени честитки кој е скоро за половина помал од ланскиот и се бележи пад за 25% во бројот на поддржувачи како и 25% во делот на приходи.

**Каси за донација**

Во 2017 година променети беа 12 каси во кои донациите беа значителни. Резултатите во однос на прибрани средства од донации на граѓани преку касички за донација е ист како и во 2016. Им благодариме на сите граѓани кои ја изразуваат својата поддршка и доверба во работата на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Со донациите во касите се оддржува работењето на сервисите и програмите кои не се проектно покриени.

**8.ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“**

**Активности кои беа спроведени во 2017 година :**

**Работилници за наставниците и стручниот тим од училиштата за резилиентен пристап и детските права**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши, со цел да го постигне овој резултат, прво креираше критериуми за мапирање и избор на училиштата во кои се одвиваа проектните активности. Потоа беше спроведено првично испитување за состојбата во овие училишта во однос на насилството меѓу учениците и нивното учество во донесување одлуки во училиштето. ПДАС Меѓаши, исто така, обезбеди обука за наставниците и стручниот тим во секое училиште за правата на децата и резилиентниот пристап во работата со децата. По обуката, вработените во ПДАС Меѓаши понудија поддршка на училиштата во примената на резилиентниот пристап - нудејќи сугестии во случаи кога децата се жртви или сторители на насилство. За секое училиште, акционен план беше подготвен од страна на експерти.

Обуките и креирањето на акционите планови се сметаа за најзначајни од страна на учесниците, кои објавија дека им требаат повеќе од овие видови обуки, каде што добиваа ново и применливо знаење.

**Работилница за родители за позитивни дисциплински методи за воспитување на деца**

Три почетни работилници, по една по училиште, беа одржани за родителите. Овие работилници ги водеше координаторот на проектот од ПДАС- Меѓаши, кој е психолог, а родителите добија познавања за стилови на родителство, важноста на присуството на двата родители во воспитувањето на децата и што значи да се биде одговорен родител. Родителите ја потврдија важноста на овие типови на работилници. Повеќето од нив изразија интерес да бидат дел од идни слични работилници.

**Децата и заедниците се активно вклучени во известувањето за насилството врз децата со користење на СОС линија за помош на децата и младите како алатка за заштита на децата**

Во насока на спроведување на оваа активност, од страна на вработените од ПДАС-Меѓаши, односно координаторот на проектот и соработникот на проектот, беа одржани три работилници. Учесници на овие работилници беа 30 деца по училиште, односно вкупно 90 деца. Покрај користењето на СОС телефонот за превенција од насилство, на децата им беа претставени правата на децата и начинот на остварување на нивните права.

Во врска со промоција на СОС телефонската линија, беа објавени годишен извештај и брошури за нејзина промоција. Тие беа преведени на два јазика - албански и ромски, а потоа беа дистрибуирани до релевантни институции како што се училиштата, општините итн. Се одржа прес конференција со цел да се презентираат резултатите од извештајот до јавноста заедно со препораки за потребите на децата во заштитата на нивните права и превенцијата од насилство.

За подобрување на работата на СОС телефонската линија, беа одржани четири фокус групи со различни типови на учесници. На една од нив учествуваа деца од основно училиште, на втора родителите чии деца одат во основно училиште, на трета наставници и стручен тим во училиштето, и на последната учесници кои се од социјално ранливите групи кои ги користат услугите на ПДАС - Меѓаши. Овие фокус-групи беа одржани од страна на асистентот на проектот и имаа за цел добивање информации во врска со перцепцијата на СОС телефонот, очекувањата од операторот и што значи следење на случај според нив. По фокус-групите беше креиран механизам за следење кој вклучува препораки кои ги добиле учесниците со цел да се подобри услугата обезбедена со СОС телефонска линија.

**Развивање капацитети на новинарите за известување за случаи на насилство врз децата водени од најдобриот интерес на детето**

Беше одржана обука за новинари за правата на детето и идентификување на постоечките кодекси и документи за медиуми и новинари за пријавување случаи каде што децата се жртви на различни видови насилство. Тројца експерти беа ангажирани да обезбедат обука за избраната група новинари и уредници. Целта на оваа обука беше да се создаде нацрт-верзија на кодекс со кој новинарите ќе бидат водени при известување за случаи каде што децата се сторители или жртви на насилство.

## 9.ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВИ

Национална конференција на темата "Детето во фокусот: воведување на заедничко родителство по развод во Македонија и влијанието на овој концепт врз остварувањето на правата на децата"

Националната конференција се одржа на 21 март 2017 година во Скопје. Психолог, семеен терапевт, универзитетски професори и правници дискутираа за потребата од воспоставување заедничко родителство по разводот и влијанието на овој концепт во развојот на детето и остварување на неговите права. Конференцијата беше организирана од Народниот правобранител, Граѓанската иницијатива за воведување заедничко и одговорно родителство по развод и Детската амбасада Меѓаши. Конференцијата беше поддржана од Националниот институт за демократија. Конференцијата е достапна на следниот линк:

https://www.youtube.com/watch?v=JERr2_4Wkf0&t=13587s